Општина Ранковце

ОТЧЕТ

за сработеното во Општината за граѓаните

2017 - 2021

Градоначалник Ивица Тошевски

Почитувани сограѓани,



Како градоначалник на Општина Ранковце во изминативе 4 години најпрвин Ви се заблагодарувам за дадената доверба за ова одговорна функција, и воедно чувствувам обврска кон сите Вас за краток обраќање за сработеното во изминатиов период.

Со совесна анализа на расположливите ресурси и капацитети, во соработка со институците, Советот на Општина Ранковце, локалната администрација донатори и сите засегнати страни, искрено се залагав и ке се залагам да менаирам со општината за искористување на максималните можност со цел остварување на локален рамномерен развој и придвижување на општината кон поквалитетен живот за сите граѓани.

Преку стратешкото планирање и изнаоѓање на финансиски можности заедно со локалната заедница и засегнатите страни ја обликуваме својата иднина, со утврдување и имплементација на приоритети во согласност со расположливите ресурси, се со цел Општината Ранковце од рурална општина да прерасне во пријатно место за живеење и економски развој.

Искрено се надеваме дека создаваме можности со која ширум ги отвораме вратите за сите кои сакаат соработка, пријателство, партнерство и инвестирање во нашата општина бидејќи само со заеднишки сили , пожртвуваност и тимска работа, ќе успееме во остварување на целите и остварување на зацртаната Визија за Општина Ранковце :

,,Економски моќна, финансиски стабилна, инфраструктурно уредена, еколошки чиста, стопански развиена, привлечна за одмор и рекреација, со стандард и развојни капацитети, место за квалитетно и удобно живеење,,

Со почит,

Градоначалник

Ивица Тошевски

Содржина

1. Село Ранковце
2. Село Петралица
3. Село Псача
4. Село Гиновци
5. Село Опила
6. Село Герман
7. Село Љубинци
8. Село Одрено
9. Село Радибуш
10. Село Отошница
11. Село Ветуница
12. Село Пклиште
13. Село Милутинци
14. Село Криви Камен
15. Село Баратлија
16. Село Станча
17. Село Вржогрнци
18. Село Гулинци

Со домаќинско и економично работење во период од само четири години градоначалникот Ивица Тошевски со советот на општината и општинската администрација ја стабилизира финансиската состојба во општината и врати долг од 600.000 евра направен во претходните 13 год. (од кои владата на РСМ ни има доделено 100.000 евра).

Во времетраење од година и половина, сметката на општината беше целосно блокирана, со враќање на долгот се стабилизира финансиската состојба на општината со што се овозможи нормално функционирање и давање на услуги од инфраструктурни и комунални потреби на граѓаните, како и од административни потреби.

Реализирани и одобрени проекти 2017 - 2021 година за село Ранковце

1. Насипани сите неасфалтирани улици со гребен асфалт (крајчинци, десетак, камнеш, кокинци, ќурчинци, зердин дуб - штрци и други)
2. Асфалтирани улица 1 и улица 2 (Крајчинци) од ветеринарна станица- опилска маала до крајчинци и крак од улица 2
3. Изградена комплет канализација во населба Млин и десетак
4. Изградено игралиште за мал фудбал, комплет со трибини и асфалтирање во координација со ООУ ,,Х.Т. Карпош"
5. Изградено улично осветлување во централното подрачие на населба Ранковце
6. Извршена реконструкција на општинската зграда после 70 години со целосно реконструиран внатрешен дел, со нови врати, прозорци, тоалети, кафе кујна и нова сала за Совет со 3д технологија како и нова фасада со изолиција и целосно поставен нов систем (клими) за затоплување и ладење на работните простории .
7. Вградени сончеви панели (фотоволтаици) на општинската зграда и зградата на ООУ ,,Х.Т Карпош" - ранковце за производство на струја за затоплување на работните простории.
8. Изготвена целосна документација за изградба на градинка во дворот на здравствената амбуланта и аплицирано за изградба на истата во соработката со Министерството за труд и социјална политика.
9. Изготвена целосна проектна документација со дозвола за градење и обезбедени финансиски средства за изградба на улица од маркет Норма покрај Ранковачка река до Иванковска маала која продолжува преку ранковачка река покрај семејната куќа на Аце Трајковски покрај сточен пазар до спортски центар
10. Изготвена целосна проектна документација со дозвола за градење за улица која ги поврзува населба Млин од (новиот експресен пат) до Крајчина маала - десетак со обезбедени средства за градба и распишан тендер за градба преку Северо-источниот плански регион.
11. Отворена здравствена аптека после 10 години пауза без аптека за месното население од Општина Ранковце
12. Обезбедено специјално возило (камион) за ТППЕ, донација од Шведска
13. Обезбедено специјално возило (камион) и 40 контејнери за потребите на ЈКП Чист Ден, преку Министерството за животна средина во соработка со Европската унија.
14. Вратен долг од 600.000 еур направен во претходните 13 години, во кое речиси 1,5 година беше блокирана општината и исклучено уличното осветлување (од кои владата на РСМ ни има дадено 100.000 еур)
15. Обезбедени 3 половни возила за потребите на општинската администрација (донации), и тоа Пасат и Мазда од агенција за одземен имот и Форд Мондео од ЗЕЛС.
16. Извршена целосна реконструкција на бараката (над автобуската постројка за Скопје) во која се сместени Матичната служба, канцеларија за социјални работи и канцеларија за вработување
17. Доизградба на улично осветлување во село Ранковце
(Магистрален пат за село Герман до црква ,,св. Богородица")
18. Реконструкција на 8 училници во ООУ ,,Х.Т. Карпош"





Асфалтирани улица 1 и улица 2 (Крајчинци) од ветеринарна станица- опилска маала до крајчинци и крак од улица 2



Изградено игралиште за мал фудбал, комплет со трибини и асфалтирање во координација со ООУ ,,Х.Т. Карпош"





Изградено улично осветлување во централното подрачие на населба Ранковце



Вградени сончеви панели (фотоволтаици) на општинската зграда и зградата на ООУ ,,Х.Т Карпош" - ранковце за производство на струја за затоплување на работните простории.



Обезбедено специјално возило (камион) за ТППЕ, донација од Шведска



Отворена здравствена аптека после 10 години пауза без аптека за граѓаните на Општина Ранковце






Обезбедено специјално возило (камион) и 40 контејнери за потребите на ЈКП Чист Ден, преку Министерството за животна средина во соработка со Европската унија.



Извршена целосна реконструкција на бараката (над автобуската постројка за Скопје) во која се сместени Матичната служба, канцеларија за социјални работи и канцеларија за вработување



Насипани сите неасфалтирани улици со гребен асфалт (крајчинци, десетак, камнеш, кокинци, ќурчинци, зердин дуб - штрци и други)







Обезбедени 3 половни возила за потребите на општинската администрација (донации)

Реализирани и одобрени проекти 2018 - 2021 година за село Петралица

Асфалтиран локален пат од Живинарска фарма - Дикина маала - Радуев рид

Склучен договор со влада на на РСМ и обезбедени средства за реконструкција на стара пошта во клуб за пензионери

Очистен главниот пат од жбунести растенија и гранки и тоа од пошта Петралица до црква во село Петралица како и перење и миење на асфалтирани улици во населба



Реконструкција и асфалтирана главна улица
од пошта Петралица до пруга
со крак спрема Вучковци





Асфалтирана улица Потрчин дол спрема Псачко поле во должина од 1км







Насипани сите споредни неасфалтоирани улици со гребен асфалт

Реализирани и одобрени проекти 2018 -2021 година за село Псача

Изградена пешачка патека во село Псача ,

Извршена реконструкција на 5 училници во ПООУ ,,Христијан Тодоровски –Карпош,,- Псача

Обезбедени финансиски средства и во текот на месец Октомври започнување со изградба на нов водовод за водоснабдување на н.м. Псача

Доизградено улично осветлување на три улици и тоа во м.в Брашнара, од магистрален пат до школо и од школо до маало Ѓоринци

Изработена целокупна проектна документација со решени имотно-правни односи за изградба на фекална канализација од м.в. Брашнара до Потрчин дол

Изработена целокупна проектна документација за реконструкција на локален пат село Псача - село Одрено, како и за патните краци спрема маало Голубарци, маало Ранќевци (здравковци) и ромско маало

Изработена целокупна проектна документација за продолжување и изградба на локален пат Дамјанско маало до Старо школо (црква)

Расчистување на сите локални патишта во село Псача од жбунести растенија и гранки





Изградена(асфалтирана) улица во с.Псача -Потрчин дол , во должина од 1km







Изграден (асфалтиран) локален пат во с.Псача
од школо до Дамјанско маало
во должина од 1000 m






Посипување на сите неасфалтирани патишта
со гребен асфалт


Реализирани и одобрени проекти 2017 -2021 година за село Гиновци

Изготвена целосна проектна документација за изградба и асфалтирање на улицата Јабучки дол, од двете страни на магистралниот пат

Изработена дел од пректна документација за улица ,, Малински пат" и ,,Бентомачки пат -пруга"







Посипување на сите неасфалтирани улици и патишта со гребен асфалт и тоа, Живинарски фарми - старо село, бентомак - црква, јабучки дол, бентомак - пат накај пруга, малински пат - воденица (одрено), улиците кај маркет Мива Градба и улица од магистралниот пат -Орце (автомеханичар) - Љубинско поле

Реализирани и одобрени проекти 2018-2021 година за село Опила

Изработена комплет проектна документација за фекална канализација за маалите Каваклија и нова населба (Шопски дол).

Доизградено улично осветлување од шопска воденица - каваклиски мост до стара продавница (Каваклија)

Посипување на пат со чакал (песок) од железен мост до Мишинци (маало Бабунци)

Пробивање, расчистување и проширување на локален пат од долна Каваклија - Иванковци - Булин гроб

Расчистување на локални патишта во село Опила од жбунести растенија и гранки

- Ранковце - Бабунци - Котарино маало
- Ранковачка река - штрци - зердин дуб - магистрален пат
- Одрено - каваклија - шопски дол
- Каваклија - Црква „Св. Никола"

Посипан пат со гребен асфалт кај мост во село Опила (маало Каваклија и во маало Штрци - Зердин дуб)









Изградба и асфалтирање на дел од локален пат во с.Опила,
од Санде Митевски до Котарино Маало во должина од 750m

Изградба и асфалтирање на дел од локален пат во с.Опила
од Котарино маало спрема Ѓорговци и Качаровци во должина од 800 метри

Реализирани и одобрени проекти 2017 -2021 година за село Љубинци

Започнување и изградба на фекална канализациона мрежа за отпадни води за н.м. Љубинци со реализација до 31.12.2021 год,

Направена комплет проектна документација за изградба на улици и тоа :

- Магистрален пат-Курлацки дол
- Магистрален пат(автобуска постојка) –кривокаменски куки- селски гробишта
- Магистрален пат – м.в. Ливади
- Магистрален пат – Ружин дол – Ѓусинци – Локма

Обезбедени и поставени цевки (пропусти) на Ќурлачки дол,
како и проширен канал за одводнување на Ќурлачки дол






Изградба на дел од локален пат во с. Љубинци (А2-Крива Река, Ќурлачки дол - ливади)




Посипување на сите неасфалтирани улици
со гребен асфалт



Реализирани и одобрени проекти 2017 -2021 година за село Одрено

Осветлен пат од пошта Петралица – игралиште – мост Одрено - м.в. Селски гроб (Одрено) - до м.в. Крст

Изработена цела проектна документација за асфалтирање на локална улица во Горно маало

Посипани неколку улици со гребан асфалт

Поставени цевки (пропусти) на Буин дол на пат спрема село Псача









Асфалтиран локален пат Манастирска воденица - Игралиште

Реализирани и одобрени проекти 2018 - 2021 година за село Радибуш

Изработена целокупна проектна документација склучен договор со фирма Фишер Тихи и во текот на месец Септември ке започне со изградба-асфалтирање на локален пат од маало Сувобрдци до маало Биџаци

Насипани локалните патишта кои не се асфалтирани со гребан асфалт и тоа спрема маало Рупарци, маало Биџаци и собориште (река)

На место викано Сат поставени се знаци (патокази) за село Радибуш и село Криви Камен









Асфалтиран локален пат во с.Радибуш од црква Св. Петка до маало Сугаревци во должина од 1,3 km



Реализирани и одобрени проекти 2017 -2021 година за село Отошница

Реконструкција и Адаптација на старо училиште во с.Отошница во објект за сместување и престој на туристи

Расчистување, проширување и тампонирање на локален пат од маало Крстинци до маало Давитковци

Посипување со песок (чакал) во маалите Картопелци, Џукелци и Јужарци

Насипување на локален пат со гребен асфалт спрема маалите Аначковци, Маљоци и Боинци

Расчистување на пат од жбунести растенија и гранки од маала Ќурчинци до Брана

Изработена целокупна проектна документација за асфалтирање на локален пат маало Крстинци до маало Давитовци.





Расчистување, проширување и Тампонирање на локален пат во село Отошница од м.в. Поље - Стајковци , Црцилци до маала Матораци и Јешмерци во должина од 1,4 km





Реализирани и одобрени проекти 2017 -2021 година за село Герман

Изработена целокупна проектна документација за локалниот пат с.Герман (собориште)-Рупци – Средна маала.

Обезбедени финансиски средства, склучен договор со фирма Енергоинвест и во текот на месец Септември ке се започне со изградба на локален пат за село Герман во должина од 900 m од собориште спрема маалите Рупци и Средно маало.



Обележано нас. место (поставен знак-патоказ) за село Герман



Општина Ранковце



Манастир „Св.Никола“
село Псача



www.rankovce.gov.mk
e-mail: rankovce@ rankovce.gov.mk
facebook: opstinarankovce